**Година 2004, ноември , број 33**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Особено голем интерес и вмнимание се посветува на реализацијата на планираните активности на студиите во првиот семестар по новата наставна програма. За посебно одбележување е масовно присуство на предавањата и вежбите на студентите од прва година. Спроведени се првите проверки на знаење по одделните наставни предмети.

Од страна на комисијата за следење на наставниот процес и успех на студентите, спроведена е анонимна анкета со студентите од прва година.

## НАГРАДА

На 53-та изложба на пронајдоци и технички унапредувања Брисел-Еурека 2004, златен медал освоија пронаоѓачите проф. д-р Дуковски и доц.д-р Вртаноски за пронајдокот "Дизајн на куќиште на вретениште од полимерен бетон за нумерички управуван струг". Пронајдокот доби и специјална награда од Ректорот на Политехничкиот универзитет "Лог", Полска.

***Искрено им честитаме и им пожелуваме уште многу признанија!***

## ПРОСЛАВА НА 45 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕ НА МФС

Во тек на месец декември ќе се организира прослава на јубилејот 45 години од основањето на МФС.

Подготовките се во тек, а прославата ќе биде заедно со нашите драги комшии од ЕТФ.

## ДЕНОВИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

МФС ќе учествува на манифестацијата "Денови на меѓународното образование" која од 24 до 26.11.2004 год. ќе се одржи на Скопскиот саем. На неа ќе се претставаат десетина Универзитети и факултети од регионот.

МФС со своите институти ќе се презентира по следниот редослед:

24.11 (среда) МКММВ и ЗЗК

25.11 (четврток) ПМ и ТТЕ

26.11 (петок) Механика и ХПА

**ПОВЕЛЕТЕ НА САЕМ!**

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

На ден 09.11.2004 год. на МФС во организација на Републичкиот завод за трансфузиологија и МФС се одржа крводарителска акција. На акцијата крв даруваа преку 50 крводарители. Се надеваме дека во следните акции одзивот ќе биде уште поголем.

## ЗАПОЗНАЈ СИ ЈА ТАТКОВИНАТА ЗА ДА ЈА САКАШ ПОВЕЌЕ!

МФС организираше "теренска настава" за вработените. Имено на ден 13.11.2004 се организира посета на новата црква "Св. Троица" во Радовиш. По доручекот се замина на разгледување на спомениците на културата и туристичките објекти во струмичкиот крај. При тоа се посетија манастирите во: с. Вељуса (Св. Богородица), с. Водоча (црквата Св. Леонтие), Музејот на Струмица и црквата Св. Петнаесет тивериополски маченици.



Посетите завршија со разгледување на остатоците од римските терми во Бања Банско. Потоа следеше ручек во хотелот Цар Самоил и враќање назад.

За екскурзијата пројавија интерес околу 40-ина вработени и таа помина во одлично расположение. Организацијата и реализацијата беа за пофалба. Се надеваме дека ќе се организираат уште вакви екскурзии и дека посетеноста на нив ќе биде уште поголема.

## НОВА КНИГА

Во издание на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од печат излезе книгата "Парни котли" од проф. д-р Илија Петровски.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

На ден 19 и 20 11. 2004 год. група студенти од насоките ММ, МВ и ЗЗК од МФС под водство на проф. д-р Славе Јакимовски реализира теренска настава. При тоа се оствари посета на: АМАК СП во Охрид, РЕК Битола - термоелектраните и рудникот и фабриката ФОД.

## НАПРЕВАР ИНОМАК

Финалето на натпреваротот ИНОМАК се одржа на 18.11.2004 година во просториите на Клубот на пратеници. Беше спроведена јавна презентација на аплика-циите поднесени од ЦИРКО и ЦИПОЗ селектирани од второстепената комисија за финалето на натпреварот.

МФС и ЦИРКО беа застапени со три финални апликации, изработени од тимови на студенти од МФС:

1.Прв македонски роадстер Веда

2.Мултифункционално дидактичко средство

3.E-MAC Shop

Финалното прогласување на победниците ке се спроведе на јавна промоција во текот на декември.

## КОНКУРС

На 10.11.2004 година во дневниот печат "Утрински весник" објавен е есенскиот конкурс за избор на наставници и соработници на МФС.

Во тек е понатамошната постапка по конкурсот.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Кочо Анѓушев, на 1.11.2004 година оствари службено патување во Белград, СЦГ, заради продолжување на активностите од договорот со ЦИРКО за консултантски сулуги со фирмата ЕФТ-ЛТД од Лондон преставништво - Скопје.

2. Проф. д-р Константин Димитров, од 26 до 30.10.2004 година оствари службено патување во Франција, заради учество на Форумот од областа на енергетска ефикасност.

3. Асс. м-р Ристо Филкоски, од 3 до 5 11 2004 година оствари службено патување во Србија и Црна Гора, заради учество со прифатен реферат на Симпозиумот "Електрани 2004" кој се одржи во Врњачка Бања.

4. Доц. д-р Валентина Гечевска, од 3 до 7.11.2004 година оствари службено патување во Австрија со цел учество со реферат на 15-тата ДАААМ Меѓународана конференција, што се одржа во Виена, Австрија.

5. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски, од 5 до 7.11.2004 година, остварија службено патување во Р.Бугарија, со цел водење разговори со колегите од Машинскиот Факултет во Софија, за продолжување на активностите за заедничка соработка помеѓу двата Факултета.

6. Проф. д-р Александар Мојсовски и асс. м-р Филип Мојсовски, од 10 до 15.11.2004 година остварија службено патување во Р. Словенија, со цел посета на термичките лабаратории на Машинскиот Факултет во Љубљана.

7. Проф. д-р Душан Чакмаков, на 18 и 19.11.2004 год. оствари службено патување во Бугарија заради студиски престој на Техничкиот факултет во Софија.

8. Проф. д-р Тодор Давчев, на 21 и 22.11.2004 година оствари службено патување во Бугарија, со цел реализирање на престој во "Бугарско-германскиот центар за обука"во Стара Загора.

9. Дипл. инж. Огнен Димитров, во период од 23.11.2004 год. до 3.12.2004 год. реализира службено патување во Анкара, Турција заради учество на тренинг курс од областа на енергетска ефикасност.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.11.2004**
**2 СЕДНИЦА НА ННС**

**23.12.2004**
**3 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*